338.

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
29. X. 1965

# МЕТАЛНИ ПЕЈСАЖИ ВО СТАКЛО

## *ИЗЛОЖБА НА ДУШАН ЏАМОЊА ВО СКОПЈЕ*

**На својата самостојна изложба во Скопје, познатиот југословенски скулптор Душан Џамоња од Загреб, изложува дваесетина пластики што се изведени во метал, во дрво и во комбинирана техника (метал-смола).**

**Во метал сретнуваме само една скулптура, која претставува еден вид жичена конструкција, од неговата позната фаза, каде што главна улога игра швајс-апаратот. Оваа конструкција нема некои особени квалитети, ако не се земе како повод за скулптурите што се работени во дрво.**

Во тие пет-шест дела со помали димензии, проблемот на конструкцијата е во знатна мерка издиференциран и рафинизиран. Употребата на два-три пластични елементи, доволни му се на уметникот да ја овоплоти својата инспирација, на нему соодветен начин. За основа на композицијата тој ја зема класичната основа на вајарската дисциплина, вертикалата. Неа ја диференцира или со повеќе прави, вертикални, испакнати и вдлабнати линии, или со мали плочки, кои се асиметрично компонирани, но секогаш одмерено и рационално. Ритамот што го создаваат тие, обично е прав, а само понекогаш се меша, од некоја споредна проекција, со валчести форми, кои се постигнати толку суптилно, што изгледаат како да се само сугерирани. Тука целта на авторот е да постигне чиста пластичност, што го одведува до извесни мондријановски реминисценции и потходи.

Суштината на овие скулптури во дрво, се состои во, речиси, незабележливите контрасти на отсечно светло-темните испакнати и вдлабнати коцкички и прачје. Во сите нив доминира изразито геометриско-архитектонско чувство.

Сепак главниот дел на изложбата го чинат четиринаесет минијатури во метал и смола. Тоа се всушност барелјефи со сликарски одлики. Впрочем, како што Џамоња настојува во дрвените скулптури да воспостави синтеза меѓу вајарските и архитектонските елементи, така се обидува и тука да постигне однос на вајарски и на сликарски особини. Самото аранжирање на овие пластики (обликуваниот лим е сместен во една стаклена кутија), прави голем ефект, и предизвикува искрено внимание.

Овие минијатури небаре настанале како сушта антитеза на скулптурите што се изведени во дрво. Овде нема ниедна права линија, ниеден геометриски гест, ниедно пресметано движење. Чиниш случајно искривениот лим, што е патиниран со темниот тон на смолата, создава асоцијација на длабочина и на постојаност.

Додека во дрвените скулптури повеќе бара форма во просторот, и неа систематски ја анализира ,овде тој работи спротивно: во еден на специфична форма бара просторност. Чувството за просторност е изразено преку фактурата, која е постигната или со природните одблесоци на лимот (што се менуваат од секој агол на гледањето, давајќи ѝ на композицијата мобилен карактер ,или со топлите и придушените нијанси на смолата.

Иако во овие скулптури Џамоња се изразува со стандардни апстрактни вредности, сепак, тие се длабоко асоцијативни. Затоа и просторот овде не е спроведен во математичко-апстрактни димензии, туку во лирско — апстрактни површини, што значи дека тој не е свртен само кон проблемот, туку и кон визијата на материјата. Според тоа овие пластики претставуваат извесни апстрактни, односно апстахирани пејсажи. Апстрактното кај нив се состои во тоа што не третираат некој класичен објект: човечка фигура, конкретна фауна и флора, дрво, куќа, или, некоја друга именка.

Чувствата и мислите што ги создаваат овие необични ликовни хибриди, го обновуваат во гледачот спомент за Рембрант. Се разбира, оваа асоцијација ни најмалку не ја намалува нивната модерна тенденција, напротив, ја израмнува и со барањата на гледачот. Тоа им дава на овие минијатури еден печат на класичната убавина.

Сепак, штета што се минијатури!

**Паскал Гилевски**